**20222744168**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 декември 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 37/22) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година во вкупен износ од 50.200.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.287/21 и 164/22 ) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст Агенцијата), потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 38.000.000,00 денари и согласно потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 12.200.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 13.300.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | 20.100.000,00 |
| 3. | Техничка помош | 1.100.000,00 |
| 4. | Пилот проекти | 1.800.000,00 |
| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 1 000.000,00 |
| 6. | Нереализирани обврски по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата на средства од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 и 2020 година | 12.900.000,00 |
| | Вкупно | 50.200.000,00 |

II

Во делот III во ставот (1) во воведната реченица износот „37.800.000,00” се заменува со износот „19.000.000,00”.

Табелата се менува и гласи:

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| | | | |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на инвестицијата | 100.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 40% од вредноста на набавениот или сопствен подмладок | 20.000.000,00 |
| | Вкупно | | 20.100.000,00 |

III

Во делот VII износот „35.000.000,00" се заменува со износот „12.900.000,00".

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-11059/5
14 декември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.